Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave
Бр. - Nr 04-242/12
25.01.2023 год. - viti
Скопје / Shkup



СЕКТОР ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ
25.01. 2023 год.

**АРХИВСКИ БРОЈ:** 04-242/12

Врз основа на Член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 05/2016, 142/2016, 02/2017 и 11/2018 и „Службен весник на РСМ„ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2023), Државниот секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ОДЛУКА

## за избор на еден (1) извршител-кандидат за административен службеник за работното место УПР0101Б04000 Раководител на Подрачна Единица Радовиш - Сектор за организација и координација на подрачни единици

1. За работното место **Раководител на Подрачна Единица Радовиш - Сектор за организација и координација на подрачни единици** во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се избира кандидатот **СТОЈАН АНГЕЛОВ.**
2. Именуваниот-ата ќе биде унапреден/а на работното место од точка 1 од оваа одлука, по конечноста на оваа одлука, за што Министерот ќе донесе посебно решение за унапредување и распоредување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за селекција за вработување по интерен оглас формирана со Решение број 04-242/2 од 20.01.2023 година, во функција за спроведување постапка за унапредување на административен службеник за извршување на работните задачи од точка 1 на оваа одлука, а по интерниот оглас за унапредување на административен службеник број 02/2022 објавен на 30.12.2022 година на интернет-страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за администрација, за работното место број 2 од огласот, на ден 23.01.2023 година спроведе административна селекција и интервју за наведеното работно место.

По спроведената административна селекција, интервју и извршеното бодување, Комисијата изготви Записник од административна селекција број 04-179/10 од 23.01.2023 година и Записник од спроведено интервју со финална ранг-листа на кандидати од двете фази на селекција и предлог-одлука за вработување број 04-179/11 од 25.01.2023 година.

Врз основа на финалната ранг-листа на кандидати од двете фази на селекција и предлог-одлуката за вработување, Државниот секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена сметано од денот на објавување на одлуката на интернет страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР/**
**SEKRETARI SHTETËROR**
**Rexhail Ismaili**

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Именованиот
- Сектор за човечки ресурси
- Агенција за вработување